Влада на Република Македонија
Министерство за транспорт и врски

Министерство за транспорт и врски
МАКЕДОНИЈА ВО ДВИЖЕЊЕ
07-3912/2

**До:** Тања Таневска

Главен државен ревизор

Државен завод за ревизија

**Предмет:** Забелешки на Нацрт-извештајот за извршената ревизија на успешност – оценка на ризици и можности за подобрување на јавниот превоз на Град Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 18.04.2011 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 17 | 337/3 | | |

**Дата:** 15.04.2011 година

Почитувани,

Во врска со Нацрт-извештајот на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност – Оценка на ризици и можности за подобрување на јавниот превоз на Град Скопје, Министерството за транспорт и врски од аспект на своите надлежности ги дава следните забелешки:

I. Резиме на резултатите, од Нацрт-извештајот:

Немајќи намера да сугерираме преформулирање на главната цел на Ревизијата, сакаме да укажеме на фактот дека, формулацијата на прашањето наведено во Нацрт - извештајот на кое предметната Ревизија требала да даде одговор, не кореспондира со Барањето од Главниот државен ревизор, ваш бр. 13-222/5 од 26.04.2010 година, во кое е наведено дека целта на Ревизијата се информации и сознанија во врска со темата: Јавниот транспорт во Град Скопје – оценка на ризици и можности за подобрување на јавната услуга, дотолку повеќе што несомнено е дека подобрувањето на квалитетот на јавниот превоз во Град Скопје неможе да се постигне единствено со воведување на новите автобуси, туку релевантни се и други фактори од опкружувањето. Во таа насока, Владата на Република Македонија како еден од релевантните фактори во процесот, има изработено Национална транспортна стратегија (во која една од целите е урбаниот транспорт), донесе нова законска регулатива од областа на патнатната инфраструктура и превоз во патниот сообраќај кои перманентно се прилагодуваат

Примено на 15.04.2011 во 16:00

на измените во европската легислатива и потрбите кои ќе произлезат од нивната имплементација; а како поддршка на Градот Скопје изработи сообраќајна студија и управуваше со процесот на набавка на нови автобуси за градски превоз.

Во однос на координацијата и усогласеноста на стратешките цели и документи на државно и локално ниво, сметаме дека истата има потреба од интензивирање на соработката, но не сметаме дека истата отсуствува.

Во делот I. Проблематично подрачје – Законска регулатива, планови, стратегии:

Националната транспортна стратегија е првиот стратешки документ на Република Македонија од ваков тип. Во процесот на следењето и имплементацијата мислењата и сугестиите на релевантните институции, Министерството за транспорт и врски ги вклучува во процесот на нејзино ажурирање. Сигурно дека процесот на следење на имплементацијата на целите трпи промени и се усовршува со секое ажурирање на Стратегијата, и секогаш постои потреба од подобрување на истиот, но не може да се каже дека имплементацијата на целите не се следи. Подетално образложение е дадено во точка 1 од овој допис.

Во делот III. Проблематиочно подрачје – Автобуси, имајќи предвид дека веќе е извршено примопредавање на пристигнатите автобуси, сметаме дека, врз основа на податоците добиени од ЈСП, констатациите ќе претрпат соодветна измена.

II. Основни податоци, од Нацрт-извештајот:

На страна 15 констатирано е дека надлежно министерство кое ги врши работите на патниот сообраќај и патната инфраструктура е Министерството за транспорт и врски.

Сакаме да Ве информираме дека Министерството за транспорт и врски согласно своите надлежности, врз основа на анализата и потребата од донесување на законска регулатива и врз основа на добиени мислења од други надлежни институции предлага до

Владата на Република Македонија донесување на Закон за превоз во патниот сообраќај и Закон за јавните патишта. Надлежноста за спроведување на одредбите од наведените закони е наведена во самите текстови на закони. Вршењето на работите на патниот сообраќај и патната инфраструктура не е само во надлежност на Министерството за транспорт и врски како што е наведено во нацрт ревизорскиот извештај односно во Законот за превоз во патниот сообраќај и во Законот за јавните патишта јасно се разграничени надлежностите на министерството за транспорт и врски од една страна и надлежностите на општините односно Градот Скопје од друга страна во Законот за превоз во патниот сообраќај и јасно се разграничени надлежностите на Министерството за транспорт и врски односно Агенцијата за државни патишта од една страна и надлежностите на општините односно Градот Скопје од друга страна во Законот за јавните патишта.

На страна 16 и 17 наведени се активностите кои ги спроведува Министерството за транспорт и врски за подготовката на Студија за сообраќајниот систем на Град Скопје со идејни проекти за сообраќајниците: булеварот "Св. Климент Охридски" и подземната сообраќајница од Соборниот храм до Комплексот банки.

Во врска со наведените активности, Ве информираме дека рокот за завршување на студијата е крајот на април 2011 година, согласно Анекс број 2 на Договорот број 43-2774/10 од 21.07.2009 година за изработка на студија и идејни проекти, заведен со бр.49-67/1 од 31.01.2011 година и согласно Одлука на Владата на Република Македонија бр.51-6185/3 од 12.10.2010 година за давање согласност за склучување на Анекс на Договорот.

Во моментов се постапува по забелешките од ревидентот и потоа следи финално предавање на Студијата и извештај од Ревидентот (УКИМ Градежен факултет Скопје).

III. Ревизорски наоди, од Нацрт-извештајот:

1. Во точка 1.2. од Нацрт - извештајот (страна 37) е наведено дека Националната транспортна стратегија (НТС) се ажурира

еднаш годишно од МТВ, "но понатаму имплементацијата на целите МТВ на РМ на ја следи".

Покрај нашето видување изнесено во делот I. Проблематично подрачје – Законска регулатива, планови, стратегии, сакаме да го потенцираме и следното:

При ажурирањето на НТС се следи имплементацијата на целите предвидени во неа. Имено, при ажурирањето на НТС за 2009 година, на крајот на секоја табела се ставена посебна колона во која е напишан статус на реализација во 2009 година. Во истата колона како статус се пишуваа „реализирано" „во тек" „планирано". При усвојувањето на НТС од Владата на РМ на 25.07.2007 и при првото ажурирање на НТС од 01.04.2008 година во табеларниот приказ немало посебна колона за следење на статусот за имплементација на предвидените цели. При ажурирањето на НТС во Јануари 2009 година, по Мислењето на информацијата на ВРМ за трето ажурирање на НТС од Секретаријатот за Европски Прашања, наш број 27-8984/2 од 11.12.2008 (во прилог) каде е наведено „Цениме дека би било добро во акциониот план да биде инкорпориран механизам за следење, односно да се додаде колона во табела која ќе содржи коментари за статусот на реализација на акциониот план кој е составен дел од Стратегијата, односно конкретни податоци за степенот на имплементација на Стратегијата. Тоа ќе овозможи и утврдување и информирање за евентуални пречки за имплементација„. Во НТС, усвоена од Владата на Република Македонија на 28.01.2009 година е ставена колона во табелата од Акциониот план со наслов „Статус на имплементација"

При ажурирањето на НТС за 2009 година и усвоената НТС до ВРМ на 10.04.2010 година, табелата од акциониот план е допрецизирана и гласи "Статус на реализација во 2009 година".

2. Во точка 1.5 од Нацрт - извештајот (стр.40) и точка 3.12 (стр.64), констатирано е дека во законската регулатива постојат одредени недостатоци и недоречености во областа на казнените

политики и мерки, при што овие состојби негативно влијаат на правичниот и еднаков третман на превозниците при примена на казнени одредби како и врз приходите на локалната самоуправа согласно нејзините законски надлежности.

Во врска со констатираниот наод сакаме да Ве известиме дека Министерството за транспорт и врски во текот на месец јануари 2011 година пристапи кон измени и дополнувања на Законот за превоз во патниот сообраќај, имајќи ги во предвид и забелешките предложени од Град Скопје кои се однесуваат на вршење општински превоз односно градски превоз. Измените и дополнувањата на Законот за превоз во патниот сообраќај се усвоени од страна на Собранието на Република Македонија на ден 11.04.2011 година.

Во измените и дополнувањата на Законот за превоз во патниот сообраќај се предвидени следните одредби кои се однесуваат на општинскиот односно градскиот превоз:

- во членот 3 по точката 41 се додава нова точка 41-а во која се дефинира поимот возен билет.

- во членот 22 став 1 во новата алинејата 4 се предвидува, освен останатите надлежности, советот на општината освен советите на општините од градот Скопје да го уредуваат општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општината, а линискиот превоз на патници на подрачјето на сите општини на градот Скопје да го уредува Советот на градот Скопје, при што го утврдуваат и тарифниот систем, начинот и контролата на наплатата на билетите кај општинскиот односно градскиот превоз на патници.

- со изменетиот член 99-г се предвидува средствата од глобите изречени во мандатна постапка од страна на државните инспектори за патен сообраќај, како и средствата од глобите изречени во прекршочна постапка поведена по барање од државните инспектори по патен сообраќај да се приходи на Буџетот на Република Македонија, додека средствата од глобите

изречени во мандатната постапка од страна на овластените инспектори за патен сообраќај на општините или овластени инспектори за патен сообраќај на Градот Скопје, како и средствата од глоби изречени во прекршочна постапка по барање овластените инспектори за патен сообраќај на општините или овластени инспектори за патен сообраќај на Градот Скопје, да бидат приходи на општините или Градот Скопје.

- во членот 17-а предвидена е обврска на патниците да поседуваат возен билет и на барање на инспекторот истиот да го дадат на увид. Во таа смисла во законот се предвидува нов член 99-д со кој се предвидува глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност да му се изрече за прекршок на физичко лице-патник доколку не поседува, односно не покаже на инспекторот за патен сообраќај на увид возен билет.

Значи, со одредбите од измените и дополнувањата на Законот за превоз во патниот сообраќај усвоени од страна на Собранието на Република Македонија на ден 11.04.2011 година отстранети се недостатоците и недореченостите во областа на казнените политики и мерки, а со тоа отстранети се и состојбите кои негативно влијаеле на правичниот и еднаков третман на превозниците при примена на казнени одредби како и врз приходите на локалната самоуправа согласно нејзините законски надлежности.

3. Во точка 1.7 од Нацрт - извештајот (стр.42), констатирано е дека по спроведување на тендерската постапка, Министерството за транспорт и врски склучило договор со избраниот понудувач, извршени се исплати по договорите и проектирани се трошоци за шпедиција на новите автобуси и дека дефинирањето на сопственоста над новите автобуси е во фаза на подготовка помеѓу Министерството за транспорт и врски и ЈСП Скопје.

Во врска со наведеното, Ве известуваме дека согласно динамиката од договорот и анексите (вкупно 4), досега продавачот до купувачот има доставено 32 новопроизведени

соло автобуси, со доказ за типска хомологација за истите и друга соодветна документација согласно договорот и анексите кон договорот.

Врз основа на член 55 став 1 и 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи ("Службен весник на Република Македонија" број 08/05 и 150/07), Владата на Република Македонија со одлука за пренесување на правото сопственост на движни ствари (новопроизведени соло автобуси за градски превоз) објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр.15/11, новопроизведените 15 автобуси без надомест ги пренесе од Министерство за транспорт и врски на Градот Скопје.

Во врска со квантитативниот прием и примопредавање на автобусите, превземени се следните активности:

- На ден 20.01.2011 година со решение број 02-969/1 министерот за транспорт и врски формира Комисија за организирање на приемот и примопредавањето на автобусите;

- Со допис од 08.02.2011 година, Секторот за општи работи го извести Секторот за патен сообраќај и инфраструктура дека е потребно да организира квантитативен прием на 15 (петнаесет) автобуси и за истото да состави и потпише записник за секој автобус одделно;

- Комисијата за прием и примопредавање на автобусите излезе на терен и изврши увид и за констатираното состави 15 одделни записници со број од 07-2061/1 до 07-2075/1 и достави известување до Секторот за патен сообраќај и инфраструктура со број 02-969/2 од 08.02.2011 година за извршениот прием на 15 автобуси;

- Секторот за патен сообраќај и инфраструктура со допис број 49-90/2 од 08.02.2011 година го извести секторот за општи работи и му предаде записници за извршениот прием на автобусите;

- Со Одлука за пренесување на право на сопственост на движни ствари на градот Скопје објавена во Службен весник на Република Македонија бр.15/11 од 09.02.2011 година, автобусите се пренесени во сопственост на Град Скопје;

- Со допис од 15.02.2011 година, Секторот за општи работи го извести Секторот за патен сообраќај и инфраструктура дека е потребно да организира квантитативно предавање на 15 (петнаесет) автобуси на град Скопје и за истото да состави и потпише записник за секој автобус одделно;

- Комисијата изврши предавање на автобусите на овластени претставници од Градот Скопје и за предавањето состави 15 одделни записници со број од 07-2405/1 до 07-2420/1 и достави известување до Секторот за патен сообраќај и инфраструктура со број 02-969/3 од 15.02.2011 година за извршеното предавање на 15 автобуси;

- Секторот за патен сообраќај и инфраструктура со допис број 49-103/2 од 15.02.2011 година го извести Секторот за општи работи за извршеното предавање на автобусите на Градот Скопје;

Врз основа на член 55 став 1 и 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи ("Службен весник на Република Македонија" број 08/05 и 150/07), Владата на Република Македонија со одлука за пренесување на правото сопственост на движни ствари (новопроизведени соло автобуси за градски превоз) објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр.46/11, новопроизведените 9 автобуси без надомест ги пренесе од Министерство за транспорт и врски на Градот Скопје

- На ден 28.03.2011 година со решение број 02-2115/2 министерот за транспорт и врски формира Комисија за организирање на приемот и примопредавањето на автобусите при што престана да важи решението со број 02-969/1 од 20.01.2011 година;

- Со допис од 04.04.2011 година, Секторот за општи работи го извести Секторот за патен сообраќај и инфраструктура дека е

потребно да организира квантитативен прием на 9 (девет) автобуси и за истото да состави и потпише записник за секој автобус одделно;

- Комисијата излезе на терен и изврши увид и за констатираното состави 9 одделни записници со број од 07-4697/1 до 07-4705/1 и достави известување до Секторот за патен сообраќај и инфраструктура со број 02-4706/1 од 04.04.2011 година за извршениот прием на 9 автобуси;

- Секторот за патен сообраќај и инфраструктура со допис број 49-255/2 од 04.04.2011 година го извести Секторот за општи работи и му предаде записници за извршениот прием на автобусите;

- Со Исправка на Одлуката за пренесување на право на сопственост на движни ствари на градот Скопје објавена во Службен весник на Република Македонија бр. 52/11 од 14.04.2011 година, извршена е исправка на записниците за прием на 9 автобуси и истите се заведени под број 07-4697/2 до 07-4705/2 од 14.04.2011 година;

- Со Одлука за пренесување на право на сопственост на движни ствари на градот Скопје објавена во Службен весник на Република Македонија бр.46/11 од 07.04.2011 година, автобусите се пренесени во сопственост на град Скопје;

- Со допис од 14.04.2011 година, Секторот за општи работи го извести Секторот за патен сообраќај и инфраструктура дека е потребно да организира квантитативно предавање на 9 (девет) автобуси на град Скопје и за истото да состави и потпише записник за секој автобус одделно;

- Комисијата изврши предавање на автобусите на овластени претставници од Градот Скопје и за предавањето состави 9 одделни записници со број од 07-5358/1 до 07-5366/1 и достави известување до Секторот за патен сообраќај и инфраструктура со број 02-5389/2 од 14.04.2011 година за извршеното предавање на 9 автобуси;

- Секторот за патен сообраќај и инфраструктура со допис број 02-5389/3 од 14.04.2011 година го извести Секторот за општи работи за извршеното предавање на автобусите на Градот Скопје;

Врз основа на член 55 став 1 и 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи (“Службен весник на Република Македонија“ број 08/05 и 150/07), Владата на Република Македонија со одлука за пренесување на правото сопственост на движни ствари (новопроизведени соло автобуси за градски превоз) објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.52/11, новопроизведените 8 автобуси без надомест ги пренесе од Министерство за транспорт и врски на Градот Скопје

- Со допис од 13.04.2011 година, Секторот за општи работи го извести Секторот за патен сообраќај и инфраструктура дека е потребно да организира квантитативен прием на 8 (осум) автобуси и за истото да состави и потпише записник за секој автобус одделно;

- Комисијата излезе на терен и изврши увид и за констатираното состави 8 одделни записници со број од 07-5289/1 до 07-5290/1 и достави известување до Секторот за патен сообраќај и инфраструктура со број 02-5291/2 од 13.04.2011 година за извршениот прием на 8 автобуси;

- Секторот за патен сообраќај и инфраструктура со допис број 02-5291/3 од 13.04.2011 година го извести и му предаде записници за извршениот прием на автобусите;

- Со Одлука за пренесување на право на сопственост на движни ствари на градот Скопје објавена во Службен весник на Република Македонија бр.52/11 од 14.04.2011 година, автобусите се пренесени во сопственост на град Скопје;

- Со допис од 14.04.2011 година, Секторот за општи работи го извести Секторот за патен сообраќај и инфраструктура дека е потребно да организира квантитативно предавање на 8 (осум)

Влада на Република Македонија
Министерство за транспорт и врски

[redacted]

Министерство за транспорт и врски
МАКЕДОНИЈА ВО ДВИЖЕЊЕ

автобуси на град Скопје и за истото да состави и потпише записник за секој автобус одделно;

- Комисијата изврши предавање на автобусите на овластени претставници од Градот Скопје и за предавањето состави 8 одделни записници со број од 07-5369/1 до 07-5377/1 и достави известување до Секторот за патен сообраќај и инфраструктура со број 02-5390/2 од 14.04.2011 година за извршеното предавање на 8 автобуси;

- Секторот за патен сообраќај и инфраструктура со допис број 02-5390/3 од 14.04.2011 година го извести Секторот за општи работи за извршеното предавање на автобусите на Градот Скопје;

Со оглед на фактот дека од вршењето на ревизијата до денес, се креирани повеќе нови документи поврзани со реализацијата на договорите за набавка на нови автобуски, како и договорот за изработка на сообраќајна студија. Доколку цените дека некои од горенаведените документи се релевантни за процесот на изработка на конечниот извештај и е потребно да Ви бидат доставени во копија, Ве молиме за истото да не известите.

Ви благодарам на соработката.

Со почит,

Миле Јанакиески,

Министер